Ненад Георгиевски

# УШТЕ МУЗИКА, УШТЕ МУАБЕТИ

*Колекција на музички интервјуа*

Ненад Георгиевски: УШТЕ МУЗИКА, УШТЕ МУАБЕТИ,
*Колекција на музички интервјуа*

Изданието е финансирано со поддршка од Министерството за култура на Република Северна Македонија.

Издадено на македонски јазик од Конгресен сервисен центар – подружница ПОЛИЦА Скопје, авторски права © 2021.

ПОЛИЦА подружница на Конгресен сервисен центар

Уредник
Зорица Теофилова

Лектор
Весна Костовска

Фотографија на корица
Татјана Рантеша

Техничко уредување
Зоран М. Гулевски

Печати
ДАТАПОНС, ул. 1550 бр. 52-Бутел
Индустриска зона Визбегово, 1000 Скопје

Тираж
300

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена согласност од издавачот.

НЕНАД ГЕОРГИЕВСКИ

# УШТЕ МУЗИКА, УШТЕ МУАБЕТИ

*Колекција на музички интервјуа*

Полица
www.polica.mk

Скопје, 2021

# УШТЕ ЕДЕН ПРЕДГОВОР ИЛИ СКИЦА ЗА РАМКАТА НА ЕДНА КНИГА

Музиката најчесто ја гледаме како збир на звуци, мелодии и акорди што се простираат во етерот и живеат во просторот помеѓу инструментот, гласот или сцената и нашите сетила. Музиката се чини бестелесна, недофатлива и безвременска, така што како да постои надвор од ефемерното секојдневие на човечкото битисување. Но, како што луцидно објаснува Дејвид Брн (David Byrne) во неговата книга, музиката во голема мера е дефинирана и формирана од времето, медиумите и окружувањето во кое настанува. Музиката нема да ја поседува таа магична способност да нè вознесе над границите ако нема своја рамка во која ќе постојат почетна позиција и крајно одредиште кон кои слушателот се стреми во откривањето и во уживањето на квалитетната музика.

Колку и да звучи контраинтиутивно, во историјата, најчесто првиот допир со новата музика љубителите го имаат преку пишаниот збор, без оглед на тоа дали е како дел од дневниот печат, интернет-порталите или топ-листите што се објавуваат. Музичките новинари се тие мајстори копаничари што ја длабат рамката, го обликуваат релјефот во кој таа се раѓа и зрачи, конечно ги сместуваат делото и авторот во контекстот каде што најдобро ќе се видат вредноста и значењето. Истовремено, тие оставаат и документ за своето време и за својата културна средина, текстуален споменик за вредностите на едно време, хроника на културниот живот на еден град и држава, како и мапа на комуникацијата на таа средина со светските културни вредности и трендови.

Ненад Георгиевски, како музички новинар и критичар, веќе подолго време вредно и посветено работи на „исцртувањето“ на рамката во која комуницира домашната и светската култура на овие простори. Скиците за тоа се содржат во неговите рецензии и интервјуа што веќе речиси две декади ги објавува за домашни и за странски реномирани медиуми, но тие веќе добиваат своја заокружена форма со тоа што тој ги собира и ги објавува во форма на книги. „Уште музика, уште муабети“ е трета книга во оваа серија, со што симболично ја заокружува рамката во која го изложува својот поглед на маке-

донскиот и светски музички и културен пејзаж. Тој пејзаж може да го спореддиме со големите панорами на градскиот живот на фламанските сликари, кои бликаат со живот, жагор и енергија, каде што може да го видиме циклусот на животот на еден град и земја, во кој сите занаети, професии и класи се прикажани во своето вистинско светло, но никој од нив не е случајно таму, туку грижливо е избран од окото на авторот. Неговата перспектива е рамката низ која ги гледаме суштинските моменти што го прават вреден животот за живеење и за паметење.

Таква е и структурата на „Уште музика, уште муабети“, каде што Ненад Георгиевски ни нуди преглед на сите културни „класи“ и „професии“ со кои комуницира и што ги нагостува македонската културна сцена. Притоа, рамо до рамо со светските величини стојат и им се слуша гласот и на домашните музички величини, што е дополнителна вредност на ова издание. Ние сме ги запознале нив или преку нивните дела или преку концертите на манифестации како што се „Скопскиот џез-фестивал“ или „Оф-фест“.

Во рамките на оваа книга ќе ги најдете интервјуата со композиторите на современата класична музика, како што се Филип Глас (Philip Glass), Мориконе (Morricone), Стив Рајш (Steve Reich), Макс Рихтер (Max Richter), Роџер Ино (Roger Eno), но и пијанистите како што се Симон Трпчевски и Љубомир Мелник (Lubomyr Melnyk). На нив се надоврзуваат интервјуата со џез-великаните (препознатлив бренд на Ненад Георгиевски) од рангот на Рон Картер (Ron Carter), Патитучи (Patitucci), Дејв Даглас (Dave Douglas), Раби Абу Калил (Rabih Abou-Khalil), но и претставниците на новиот звук на џезот, како што се Матс Густафсон (Mats Gustafsson), Марија Жоао (Maria João), „Sex Mob“ и домашните Гоце Стевковски, Васил Хаџиманов и Васко Атанасовски. Не е заборавена и „музиката од светот“ (world music) чии најнови трендови нашата сцена ги следи преку „Оф-фест“ со имиња како што се Анушка Шанкар (Anoushka Shankar), Лиса Жерар (Lisa Gerrard) и Брендан Пери (Brendan Perry), Морено Велосо (Moreno Veloso), Наташа Атлас (Natacha Atlas), а во книгата не е заборавено да се истакне и балканскиот придонес за овој правец преку интервјуата со Мирослав Тадиќ и со Бобан Марковиќ, меѓу другите.

Неодминлив зачин во музичките вкусови на нашата сцена е т.н. алтернативна рок-музика, која за најголемиот дел од читателите претставувала влез во светот на квалитетната музика, при што во изминативе три декади сме имале можност да угостиме врвни имиња од оваа сцена. Ненад Георгиевски ги искористил тие гостувања за да направи интервјуа со Мик Харви (Mick Harvey), „Tortoise“, „Laika“, „Llorca“, но и со нашите „првоборци“, како што се „ТБ Трачери“, Горан Трајковски, Гоце САФ и Крсто Роџевски. Сепак, ниедна панорама на една сцена не би била целосна без другите „класи“, кои го чинат културниот живот, така што рамката на „Уште музика, уште муабети“ опфаќа интервјуа со режисери и фотографи, како што се Џим Шеридан (Jim Sheridan),

Жига Коритник, па и Бил Вајман (Bill Wyman) од „Ролинг Стоунс“ во една поинаква улога. Конечно, авторот им оддава почит и на другите автори, па книгата е заокружена со муабетите со писатели и со колеги новинари, како што се Алан Лајт (Alan Light), Бред Толински (Brad Tolinski), Душан Весиќ, но не го заборава ни Тошо Филиповски, неуморниот хроничар на македонската музичка сцена.

Со тоа би ја заокружил оваа мини скица, овој обид за врамување на поголемата рамка за музичките и културните меѓници што ја обележаа минатата декада, а кои ни ги доловува Ненад Георгиевски преку неговите интервјуа. Како и секое комплексно дело или уметничка слика во вашата колекција, „Уште муабети, уште музика“ ќе ве повикува постојано да ѝ се навраќате, да забележите некој нов детаљ или мудра мисла на уметниците, да се потсетите зошто ја сакате музиката и уметноста воопшто. Затоа, ќе ве оставам да уживате во вашата прва прошетка низ панорамата, со желба за многу нови навраќања на неа.

Милан Дамјаноски